СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 03/22

Излегува по потреба 21.03.2022 год. Понеделник бр.03, година XXVI
Ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок- 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ. „бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„ бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Завршна Сметка на буџетот на општина Новаци за 2021 година

1. Објавувам Завршна Сметка на буџетот на општина Новаци за 2021 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-376/1
21.03.2022 г.
Новаци

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.61/2004, 96/2004, 156/09,47/11, 209/18 и 244/19),а во врска со член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 I 167/2016), Советот на Новаци на 7-та седница, одржана на14.03.2022 година, ја донесе следнава:

З А В Р Ш Н А С М Е Т К А
НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА НОВАЦИ
ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

Завршната сметка на Буџетот на Општина Новаци за 2021 година се состои од:

	Планирани	Реализирани
-Вкупно приходи	**193.157.336,00 денари**	**118.696.722,00 денари**
Даночни приходи	5.080.000,00 денари	7.829.522,00 денари
Неданочни приходи	1.475.988,00 денари	940.629,00 денари
Капитални приходи	40.059.000,00 денари	41.251.619,00 денари
Приходи од дотации	33.843.000,00 денари	32.968.453,00 денари
Трансфери	77.647.761,00 денари	30.597.319,00 денари
Донации	35.051.587,00 денари	5.109.180,00 денари
-Вкупно расходи	**200.662.005,00**	**122.552.431,00**
Утврдени намени	200.262.005,00 денари	122.502.431,00 денари
Резерви	400.000,00денари	50.000,00 денари

	Планирано	**Реализирано**
Дефицит	**-7.504.669,00**	**-3.855.709,00**
Финансирање	**7.504.669,00**	**3.855.709,00**
Приливи	**8.571.335,00**	**4.922.375,00**
Домашни приливи		

Приливи од странски заем		
Депозити	8.571.335,00	4.922.375,00
Кредит		
Одлив	1.066.666,00	**1.066.666,00**
Отплата на главница	1.066.666,00	1.066.666,00

Член 2

Вкупното салдо за 2021 година на сметки на општина Новаци изнесува 3.695.937,00денари.

Член 3

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Новаци за година и тоа:

Член 4

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Новаци за 2021 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Новаци за година се објавува во Службениот гласник на Општина Новаци.

Совет на општина Новаци
Претседател

Славица Најдовска - Стојковска

_____

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„ бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Годишен финансиски извештај на општина Новаци за 2021 година

1. Објавувам Годишен финансиски извештај на општина Новаци за 2021 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/2
21.03.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 21 и член 94 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Годишен финансиски извештај на Општина Новаци за 2021 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишниот финансиски извештај на Општина Новаци за 2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот финансиски извештај на Општина Новаци за 2021 година, бр.05-284/3 од 07-03-2022 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

14-340/5
14.03.2022г.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„ бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за јавни дејности – Образование за 2022 година

1. Објавувам Програма за јавни дејности – Образование за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/3
21.03.2022 г.
Новаци

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 157став 2 и став 3 и член 158 сатв 1 од Законот за основно образование, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр.5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

П Р О Г Р А М А

за јавни дејности (образование)

во Општина Новаци за 2022 год.

Врз основа на член 157 и член 158 од Законот за основно образование со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

За програмата Н1 – основно образование во буџетот на Општина Новаци за 2022 година се издвоени вкупно 671.072,00 денари, од кои 637.671,00 денари за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, 29.570,00 денари за договорни услуги и 3.831,000 денари за Други тековни расходи.

Додека од Министерство за образование како дотации за Н1 – основно образование се издвоени вкупно 30.478.000,00 денари, од кои 29.228.410,00 денари за за плати и надоместоци,комунални услугуги,греење,комуникација и транспорт 1.009.590,00 денари,материјали и ситен инвентар 60.000,00 денари,поправки и тековно одржување 10.000,00,договорни услуги 120.000,00 денари,Други тековни расходи 40.000,00 денари и за Купување на опрема и машини 10.000,00 денари.

За програмата Н1 – основно образование како расходи од самофинансирачки активности испланирани се вкупно 104.000,00 денари.

На сметката донации за програма Н1 – основно образование испланирани се вкупно 0 денари.

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
Програмата јавни дејности (образование) во Општина Новаци
за 2022 година

р.бр.	Програма	Ставка	Опис	Буџет	Дотации
1	Н1	401130	Основни плати		19.588.848,00
2	Н1	401310	Персонален данок на доход од плата		1.455.590,00
3	Н1	402110	Основни придонеси за ПИО		5.494.946,00
4	Н1	402210	Основни придонеси за здравство		2.192.170,00
5	Н1	402220	Основен придонес за професионално заболување		146.136,00
6	Н1	402310	Основни придонеси до Агенцијата за вработување		350.720,00
7	Н1	421110	Електрична енергија	182.731,00	97.590,00
8	Н1	421120	Водовод и канализација		10.000,00
9	Н1	421130	Ѓубретарина		10.000,00
10	Н1	421190	Други комунални такси и услуги		10.000,00
11	Н1	421220	Дрва	36.594,00	60.000,00
12	Н1	421240	Течни горива	325.750,00	500.000,00
13	Н1	421310	Пошта		2.000,00
14	Н1	421320	Телефон и текефакс		20.000,00
14	Н1	421410	Горива и масла	90.000,00	300.000,00
15	Н1	423110	Канцелариски материјали		20.000,00
16	Н1	423610	Наставно-образовни помагала		10.000,00
17	Н1	423710	Средства за одржување на хигиена		10.000,00
18	Н1	423720	Материјали за разни поправки		10.000,00
19	Н1	423810	Ситен инвентар		10.000,00
20	Н1	424230	Дезинфекциј,Дезинсекција и дератизација		10.000,00
21	Н1	424440	Поправки и одржување на друга опрема	2.596,00	

21	H1	425250	Осигурување на недвижности и права	18.970,00	20.000,00
22	H1	425490	Други здравствени услуги	10.600,00	100.000,00
23	H1	426410	Објавување на огласи	3.831,00	20.000,00
24	H1	426990	Други оперативни расходи		20.000,00
25	H1	480190	Купување на друга опрема		10.000,00
			Вкупно:		
1	H2	401130	Основни плати		
2	H2	401310	Персонален данок на доход од плата		
3	H2	402110	Основни придонеси за ПИО		
4	H2	402210	Основни придонеси за здравство		
5	H2	402220	Основен придонес за професионално заболување		
6	H2	402310	Основни придонеси до Агенцијата за вработување		
7	H2	421110	Електрична енергија		
8	H2	421120	Водовод и канализација		
9	H2	421130	Ѓубретарина		
10	H2	421190	Други комунални такси и услуги		
11	H2	421220	Дрва		
12	H2	421240	Течни горива		
13	H2	421390	Други трошоци за комуникација		
14	H2	421440	Транспорт на луѓе		
15	H2	423110	Канцелариски материјали		
16	H2	423610	Наставно-образовни помагала		
17	H2	423710	Средства за одржување на хигиена		
18	H2	423720	Материјали за разни поправки		
19	H2	423810	Ситен инвентар		
20	H2	424210	Одржување на згради		
21	H2	424230	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација		

22	H2	424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема		
23	H2	424440	Наставно-образовни помагала		
24	H2	425490	Други здравствени услуги		
25	H2	425760	Превозни услуги во образованието		
26	H2	425970	Консултантски услуги		
27	H2	425990	Други договорни услуги		
28	H2	426310	Семинари и конференции		
29	H2	426410	Објавување на огласи		
30	H2	426990	Други оперативни расходи		
31	H2	464990	Други трансфери		
32	H2	480140	Купување на информатичка и видео опрема		
33	H2	480190	Купување на друга опрема		
34	H2	482930	Реконструкција на други објекти		
			Вкупно:		

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за финансии и Одделението за општи и правни работи на Општина Новаци.
- Оваа Програма влегува во сила веднаш по изгласување од Советот на Општина Новаци, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2023 год.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (‚Службен весник на Р.М.„ бр.5/ 02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„ бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлука за пренамена на средства во Буџетот на општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Одлука за пренамена на средства во Буџетот на општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/4
21.03.2022 г.
Новаци

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (ІСлужбен весник на РМв бр. 5/2002), а во врска со член 31 од Законот за буџетите (ІСлужбен весник на РМв бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), Советот на општина Новаци, на ден 14.03.2022, ја донесе следнава:

О Д Л У К А

За пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2022 година

Член 1

Со оваа одлука се врши пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци во делот на Основен Буџет за 2022 година и тоа на следниот начин:

Потпрограма	Буџет	Донации	Самоф.	Дотации	Кредити	Потставка
ЕА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА						
482930 Рек. на други објекти	-671.072,00					
Н1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ						
421110 Н10 Ел. енергија	182.731,00					
421220Н10 Дрва	36.594,00					
421240Н10 Течни горива	325.750,00					
421410Н10 Горива и масла (моторни возила)	90.000,00					
424440Н10 Поправ.и одржување на др.опрема	2.596,00					
425250Н10 Осигурување на недвижно. и права	18.970,00					
425490Н10 Други здравствени услуги	10.600,00					
426410Н10 Објавување на огласи	3.831,00					

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2022 година.

14-340/7
14.03.2022

Претседател на Совет
на општина Новаци
Славица Стојковска Најдовска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„ бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за 2022 година

1. Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/5
21.03.2022 г.
Новаци

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56 /11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16), и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект бр.1 индивидуална семејна куќа опишан во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за утврдување на фактичка состојба за легализација на бесправно изграден објект и делови од објект , изработен од Дооел Гео Ленд Битола бр. 0804-1357/3-18 од 19.12.2018 година на КП 462 КО Паралово во идната урбанистичко-планска документација за село Паралово , по барање на Борис Митровски од Битола, ул. Струшка бр. 32 , бр. 09-104 од 21.12.2018 година .

Член 2

За с. Паралово Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот, пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци, поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци

14-340/8
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлука за согласност на доставен извештај(финансиски и оперативен) за искористени средства за проект Културно-забавно Лето Новаци 2021 од страна на Здружение за мода ПИКСИ студио-Новаци за 2021 година

1. Објавувам Одлука за согласност на доставен извештај(финансиски и оперативен) за искористени средства за проект Културно-забавно Лето Новаци 2021 од страна на Здружение за мода ПИКСИ студио-Новаци за 2021 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/6
21.03.2022 г.
Новаци

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

О Д Л У К А

За давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај за искористени средства за 2021 година од Здружение за мода ПИКСИ-СТУДИО-Новаци

Член 1

СЕ ДАВА Согласност на доставен Извештај за искористени средства за 2021 година од Здружение за мода ПИКСИ-СТУДИО-Новаци за реализација на одобрен Проект-Културно-забавно Лето Новаци 2021.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е доставен Извештај за искористени средства за 2021 година од Здружение за мода ПИКСИ-СТУДИО-Новаци, бр.03-3/35 од 16.12.2021г, наш број 15-623/11 од 16.12.2021 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

14-340/9
14.03.2022

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица за 2022 година

1. Објавувам Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/7
21.03.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/02), во согласност член 21 став 1 точка 49 и со член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

Правилник

за условите, критериумите и постапката
за доделување на еднократна парична помош на физички лица

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе барање, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица.

Член 2

Средствата што се доделуваат согласно овој Правилник се исплатуваат од Буџетот на општина Новаци , согласно Годишната програма и акциониот план за социјална заштита и Тековната резерва.

Член 3

Општина Новаци доделува еднократна парична помош на

- Домаќинства во социјален ризик
- Лица со здравствени проблеми
- Лица со посебни потреби
- Стари лица без потесно семејство
- Домаќинства погодени од елементарни непогоди (пожар,поплави,земјотреси)
- Деца без родители и родителска грижа
- Подршка на поединци во областа на спортот
- Подршка на поединци од областа на културата
- За деца кои се запишуваат во прво одделене во тековната учебна година
- За новороденено дете

Член 4

Корисник на средствата за еднократна парична помош може да биде исклучиво лице кое е жител на Општина Новаци.

Член 5

Еднократната парична помош може да се исплати еднаш годишно.

УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ

Член 6

Еднократната парична помош на **домаќинства во социјален ризик** се доделува врз основа на претходно доставено барање поткрепено со соодветна документација

За доделување на еднократна парична помош на домаќинства во социјален ризик со барањето е потребно да се достави:

- Потврда за висината на месечен личен доход од вработените членови или потврда за висина на пензија од приматели на пензија
- Потврда за приход од дополнителни дејности од Управа за јавни приходи
- Потврда од Месната заедница во местото на живеење за социјалниот статус на барателот

Висината на еднократната парична помош на лицата и семејствата во социјален ризик изнесува:

- со Решение на Градоначалник во висина утврдена во Одлука за извршување на буџет за тековната година
- со Одлука на Совет на општина Новаци во висина најмногу до 20 000,00 ден.

Согласно Правилникот, еднократна парична помош ќе се доделува на лица доколку нивните редовни месечни примања не го надминуваат нето приходот и тоа за :

- самец до 15.000,00 ден
- домаќинство со два члена 18.000,00 ден.
- домаќинство со три члена 21.000,00 ден.
- домаќинство со четири члена 25.00,00 ден.
- домаќинство со пет и повеќе члена 30 000,00ден.

Еднократната парична помош на лицата и семејствата во социјален ризик не се доделува за:

- Подмирување на комунални трошоци
- Подмирување на долгови по различни основи
- Купување на движен и недвижен имот

Член 7

За доделување на еднократна парична помош на **лица со здравствени проблеми** , покрај барањето потребно е барателот да достави :

- Уредна медицинска документација од која може да се констатира дијагнозата малигнитет
- Потврда за користење на туѓа нега
- Потврда за примател на постојана парична помош

Висината на еднократната парична помош на лица со здравствени проблеми изнесува најмногу 20 000,00 ден.

Член 8

За доделување на еднократна парична помош на **лица со посебни потреби**, покрај барањето потребно е барателот да достави

- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот и психичкиот развој и специфичните потреби или
- Решение од ИПК за степен на инвалидност

Висината на еднократната парична помош на лица со посебни потреби изнесува најмногу 20 000,00 ден.

Член 9

За доделување на еднократна парична помош на **стари лица без потесно семејство**, покрај барањето потребно е барателот да достави :

- Потврда од Месната заедница од местото на живеење за состојбата во која живее на барателот.
- Потврда за висина на пензија

Висината на еднократната парична помош на стари лице без семејна грижа изнесува најмногу 20 000,00 ден.

Член 10

Еднократна парична помош на **домаќинства погодени од елементарни непогоди** се доделува врз основа на доставено барање поткрепено со соодветна документација – Записник од надлежен орган за настанатата штета и полициска станица Новаци.

Пресметката за настаната штета по основ на барањето од подносителот по службена должност ја изготвува Комисија за утврдување на штети од елементарни непогоди на Општина Новаци.

Средствата се однесуваат само на штети на недвижен имот – живеалиште во кое барателот живее.

Еднократната парична помош се доделува на семејства погодени од елементарни непогоди кога проценатата штета е повисока од 100 000,00 ден.

Висината на еднократната парична помош на семејства погодени од елементарни непогоди изнесува најмногу 20 000,00 ден .

Член 11

За доделување на еднократна парична помош на **деца без родители и родителска грижа** заедно со барањето се доставува мислење од Центарот за социјални работи -Битола
Средсвата се однесуваат за :

- Набавка на учебници или училишен прибор
- За посебни потреби

Висината на еднократната парична помош за деца без родители и родителска грижа изнесува најмногу до 20 000,00 ден.

Член 12

За доделување на еднократна парична помош на **деца кои се запишуваат во прво одделение** во тековната учебна година заедно со барањето се доставува Потврда за упис во прво одделение издадена од ООУ „Славко Лумбарковски“ с.Новаци

Висината на еднократната парична помош за деца кои се запишуваат во прво одделение во тековната учебна година изнесува 6 000,00 ден. бруто износ.

Член 13

За доделување на еднократна парична помош за **новородено дете** заедно со барањето се доставува Извод од матичната книга на родени .

Висината на еднократната парична помош за новородено дете изнесува 6 000,00 ден. бруто износ.

Член 14

За доделување на еднократната парична помош за **подршка на поединци од областа на спортот** , покрај барањето потребно е да се достави

- Соодветна документација за учество на спортски настан со финансиска конструкција за потребните средства.

Висината на еднократната парична помош за поедници од областа спортот изнесува најмногу до 20 000,00 ден. и истите може да се користат само еднаш во текот на календарската година.

Член 15

За доделување на еднократната парична помош за **подршка на поединци од областа на културата** , покрај барањето потребно е да се достави

- Соодветна документација за намената на средствата односно доказ дека има потреба од истата во писмена форма (пр.одржување на културни настани , изложби, литературни читања, традиционални настани и сл.)

Висината на еднократната парична помош за поедници од областа на културата изнесува најмногу до 20 000,00ден. и истите може да се користат само еднаш во текот на календарската година.

ПОСТАПКА НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕПП

Постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица се поведува со поднесување на писмено барање од страна на барателот до Општина Новаци. Барањето се прима од страна на овластено лице за прием на барањата.

Барањето треба да ги содржи следните податоци:

- име и презиме на барателот
- адреса на живеење
- ЕМБГ
- кратко објаснување за предметот на барањето
- дата на поднесување на барањето
- контакт
- потпис на барателот
- копија од трансакциона сметка
- копија од лична карта
- придружна документација согласно критериумите
-

Член 16

Овластеното лице има обврска да го прими барањето, да изврши проверка на документацијата, да отвори предмет – досие за истото и да го проследи до архива каде се заверува со деловоден број.

Овластеното лице е должно да врши прием на барања во текот на работните денови.

Член 17

Најмалку еднаш месечно овластеното лице е должно да ја извести Комисија за доделување на еднократна парична помош (ЕПП) која должна да ги разгледа доставените барања.

Член 18

Комисија е должна да даде мислење за секое доставено барање.

Комисија може да даде позитивно или негативно мислење.

Во случај на негативно мислење од Комисија врз основа на записник овластеното лице е должно да изготви Известување со кое се известува барателот дека се одбива барањето , истото да го проследи на одобрување и потпис од Градоначалникот и заверка на истото.

Овластеното лице е должно Известувањето да го достави до барателото во рок од 15 дена од денот на донесувањето по пошта.

Завршениот предмет со сите акти овластеното лице го доставува до архива за архивирање.

Член 19

Доколку Комисија даде позитивно мислење, истото се проследува до Градоначалникот на општина Новаци или до Советот на општина Новаци

Градоначалникот може да утврди исплата на средства во максимална висина до 10 000,00 ден.

Советот на општина Новаци може да утврдува исплата на средства во максимална висина од 20.000,00 ден.

По добиената согласност и утврдувањето на висината на средствата за исплата на еднократната парична помош за физички лица, овластеното лице е должно да изготви Решение за исплата во рок од 5 дена.

Член 20

Изготвеното Решение овластеното лице го проследува на контрола до овлатеното лица за контрола (Раководителот на одделение за општи и јавни дејности или Секретарот на општина Новаци), кое го оверува со својот потпис.

Решението за исплата на средствата за еднократна парична помош го донесува Градоначалникот на општина Новаци.

По потпишувањето на Решението од страна на Градоначалникот , овластеното лице го заверува во архива и истото го доставува во Одделението за финансии за понатамошна постапка за исплата.

Член 21

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци”.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

_____

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„ бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„ бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за сопствено учество во минимален износ од 1000 евра за изградба на теретана на отворено за 2022 година

1. Објавувам Одлука за сопствено учество во минимален износ од 1000 евра за изградба на теретана на отворено за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/8
21.03.2022 г.
Новаци

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 и со член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

ОДЛУКА

за учество и имплеметација на активностите (реализација на SMALL-SCALE пилот проекти) на проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија “, финансиран од Програмата МАТРА и Кралството на Република Холандија, во партнерство со Про Локал од Битола.

Член 1

СЕ ОДОБРУВА учество и имплеметација на активностите (реализација на SMALL-SCALE пилот проекти) на проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија “, финансиран од Програмата МАТРА и Кралството на Република Холандија, во партнерство со Про Локал од Битола.

Член 2

СЕ ОДОБРУВА финансиско учество на општината односно кофинансирање во гореспоменатиот проект во висина од најмалку 1000 евра или во денарска противвредност 62.000,00 денари без ДДВ.

Донаторот обезбедува финансиски средства во износ од 2000 евра или 124.000,00 денари без ДДВ.

Член 3

Вкупниот износ на обезбедени средства ќе биде искористен за изградба на теретана на отворено со спортски справи и реквизити во склоп на дворот на Спортската сала во Ноиваци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци”.

14-340/11
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Решение за разрешување на член и именување на член на Управен одбор на ООУ Славко Лумбарковски –Новаци за 2022 година

1. Објавувам Решение за разрешување на член и именување на член на Управен одбор на ООУ Славко Лумбарковски –Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-376/9
21.03.2022 г.
Новаци

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,, Службен весник на РМ бр. 5 /02 ,,) , а во врска со член 106 став 2 од Законот за основно образование (,, Сл. Гласник на РМ,, бр. 103 / 08), во согласност со член 21 и член 94 став 1 точка 34 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување на претставник од општина Новаци во Училишен Одбор на ОУ,,Славко Лумбарковски ,,Новаци и **именување** на нов член

1. СЕ РАЗРЕШУВА членот Марина Петровска од с. Новаци како член во Училишен Одбор на ОУ,,Славко Лумбарковски,,Новаци.

2 .СЕ ИМЕНУВА Александар Петковски од с.Горно Агларци како нов член во Училишен Одбор на ОУ,,Славко Лумбарковски,,Новаци.

3 .Мандатот на избраниот е 3 години. Правата и должностите на избраниот се согласно Статутот на Општина Новаци и Статутот на ОУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци .

4. Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Новаци ,, .

14-340/12
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежни материјали за црква Богородица во село Старавина за 2022 година

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежни материјали за црква Богородица во село Старавина за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/10
21.03.2022 г.
Новаци

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

ОДЛУКА

за одобрување на финансиски средства за набавка на градежни материјали

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства во висина од 20 000,00 ден.бруто износ за набавка на градежни материјали наменети за реконструкција на кровниот дел на црквата Пресвета Богородица во с.Старавина

Составен дел на Одлуката е Барањето бр.03-305/1 од 25.02.2022 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2022г..

Член 3

Материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци„

14-340/13
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за усвојување на Завршна сметка (самофинансирачка и наменска) на ЈОУДГ БАМБИ Општина Новаци за 2021 година

1. Објавувам Одлука за усвојување на Завршна сметка (самофинансирачка и наменска) на ЈОУДГ БАМБИ - Општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/11
21.03.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

О Д Л У К А

за усвојување на Завршна сметка за 2021 година на ЈОУДГ “БАМБИ” с.Новаци

Член 1

Се **УСВОЈУВА** Завршна сметка за 2021 година на ЈОУДГ “БАМБИ” с.Новаци

Член 2

Составен дел на ова Одлука е Завршна сметка за 2021 година на ЈОУДГ “БАМБИ” с.Новаци **бр.03-13/1** од 02.03.2022, (наш број 05-292/2 од 02.03.2022 година).

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

14-340/14
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за давање согласност за работа на воспитни групи со поголем односно помал број на деца во ЈОУГД БАМБИ –Општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Одлука за давање согласност за работа на воспитни групи со поголем односно помал број на деца во ЈОУГД БАМБИ –Општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/12
21.03.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022г година ја донесе следната :

О Д Л У К А

за давање согласност на Одлука за работа на воспитните групи со поголем број на деца, односно со помал број на деца во детската градинка ЈОУДГ „Бамби“ општина Новаци

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука за работа на воспитните групи со поголем број на деца, односно со помал број на деца во детската градинка ЈОУДГ „Бамби“ општина Новаци

Член 2

Згрижувањето и воспитувањето на децата во детската градинка ЈОУДГ „Бамби“ општина Новаци се остварува во 2 воздрасни групи од две (2) до шест (6) години односно до поаѓање на училиште, во зависност од воздраста на децата по правило во хетерогени групи и тоа :

- над две до четири години ..... од 23 до 25 деца
- над четири до шест години ..... од 23 до 25 деца

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е Одлука за работа на воспитните групи со поголем број на деца, односно со помал број на деца во детската градинка ЈОУДГ„Бамби“ општина Новаци бр.02-12/4 од 28.02.2022 година (наш број 16-321/1 од 02.03.2022 година).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

14-340/15
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУГД БАМБИ –Општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУГД БАМБИ –Општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/13
21.03.2022 г.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022г година ја донесе следната :

О Д Л У К А

за давање согласност на Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во детската градинка ЈОУДГ „Бамби“ општина Новаци

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во детската градинка ЈОУДГ „Бамби“ општина Новаци

Член 2

Почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Бамби“ општина Новаци
од 06.30 часот до 16.00 часот.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во детската градинка ЈОУДГ „Бамби“ општина Новаци
бр.02-12/5 од 28.02.2022 година (наш број 16-321/2 од 02.03.2022 година).

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

14-340/16
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на КУД Новаци од с.Новаци за 2022 година

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства на КУД Новаци од с.Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/14
21.03.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за КУД„Новаци„ Новаци

Член. 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства на КУД„Новаци„ Новаци во износ **од 120.000,00 денари** за купување на женска (пољанска) народна носија за потребите на друштвото.

Член. 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член. 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член. 4

Средствата да се префрлат на Ж-сметка: 500000000126903, на име КУД „Новаци „ Новаци со ЕДБ: 4002999140162, при Стопанска Банка Битола.

Член. 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

14-340/17
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-376/15
21.03.2022 г.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

Врз основа на член 12, 14 и 22, од Законот за заштита на население од заразни болести (Сл.весник на РМ. Бр 66/04, 139/08, 99/09, 149/14 и 150/15), член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр.5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 8 и точка.20 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

АКЦИОНЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2022 г.

ОПЕРАТИВЕН (АКЦИОНЕН) ПЛАН И ПРОГРАМ
ЗА КОНТРОЛА И УНИШТУВАЊЕ НА КОМАРЦИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА НОВАЦИ ВО 2022 ГОД.

Согласно законските одредби од Законот за заштита на население од заразни болести (член 12, 14 и 22, Сл.весник на РМ. Бр 66/04, 139/08, 99/09, 149/14 и 150/15), препораките на Комисијата за заразни болести при МЗ и чл. 26 од Законот за санитарна и здравствена инспекција (Сл. Весник на РМ бр. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11 и 53/11), **единиците на Локалната самоуправа се должни да преземаат активности за заштита на населението од заразни болести и да донесуваат годишна програма на мерки** за заштита од заразни болести, а на предлог на надлежниот Центар за јавно здравје кој ја покрива нивната територија.

Дел од општите мерка за превенција и контрола на заразните болести предвидени со законсата регулатива е и **дезинсекција** како превентивна мерка за сузбивање на комарците како вектори преносители на заразни заболувања.

Стручните мислења, констатации и препораки изнесени во ***Елаборатот (стручно мислење***) изработен од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје од Битола и доставен до локалната самоуправа, укажуваат на високиот степен на инфестираност како во високите а посебно во ниските зони на Општината, во зоните со вегетација и во деловите од Општината околу застојните водени површини, водотоци, речни корита и сл.

Сето ова имплицира висок ризикот од појава на сериозни заразни заболувања кои ги пренесуваат овие вектори, и изготвување на ***програма и оперативен план за контрола и уништување на комарците на територијата на Општина Новаци*** како единствена превентивна и противепидемиска мерка за заштита на населението од појава и ширење на вектор-преносливи заболувања.

Програмата за контрола на комарците изработена е:

- По методологија на **WHO**, Светската Здравствена Организација;
- По увашување на препораките на **FAO**, Организација за храна и земјоделие и
- Согласно принципите на **HACCP** стандардите

Со програмот за контрола на комарците се обезбедува:

- Елиминација на инфестацијата - ефикасно сузбивање на комарците
- Безбедност за луѓето и животните; безбедност за нецелните видови (пчели и други корисни инсекти);
- Висока еколошка одговорност на заедницата.

Целта на програмата за контрола на комарците е:

- Заштита на луѓето и животните од заразни болестите чии вектори се комарците.
- Создавање на пријатна и еколошки чиста животна средина.

<u>Програмата ги содржи следните активности:</u>

1. Утврдување на состојбата и процена на ризикот:

- **Утврдување на состојбата и ризиците:**
  - ***Поволните климатско биолошки фактори и благата и топла зима*** во изминатава година исклучително погодуваа за развојот на инсектите меѓу кои и комарците, овозможувајки биолошки оптимум во развојниот циклус.
  - ***Општина Новаци како дел од Пелагонискиот басен кој бил ендемско подрачје за развиток на маларијата*** во првата половина на минатиот век, е од посебено Епидемиолошко значење.
  - Со брзиот развој на транспортот, сообраќајот и комуникацијата на луѓе и стоки во регионот, се потенцира можниот ризик од нови, некарактеристични ***и нови видови на комарци во регионот (Aedes Albopictus*** - Тигрест комарец), причинители на повеке заразни болести со смртен исход а веќе присутни во соседните земји,
  - Појава на **West Nill virusot** предизвикувач на треската на западен Нил и енцефалитис со висока смртност насекаде во регионот и во Македонија, како и првиот смртен случај од оваа болест во Општина Битола во 2012 год.

- **Идентификација на видовите, однесувањето и процена на бројноста на комарците;**
  Со снимањето на теренот и утврдувањето на состојбите во изминативе години во време на најголемата активност на комарците и тоа: наутро - на жариштата; навечер - на локалитетите, утврдено е присуство на комарците од видот Anopheles и Aedes во регионот и Општината.
- **Идентификација на потенцијални локации:**
  По извршените увиди и снимање на теренот на Општината се регистрираа и идентификуваа сите постоечки локации и објекти кои ќе бидат опфатени со Програмата и планот за контрола на комарците на поширокаата територија на Општина Новаци.
- **Процена на ризик - степен на приоритет:**
  За секоја од регистрираните локации се утврдија карактеристиките и спецификите во смисла:
  - потенцијално жариште кое влијае на населението;
  - потенцијален локалитет со зголемена фреквенција на луѓе и животни.

2. Детерминирање на критичните контролни места:

- **Утврдување на локации за изведување на третманот - живеалишта на комарците:**
  Поделба на територијата на Општина Новаци на неколку сектори според еколошките услови, присуството на луѓето и сл;
  - урбани населени места и локалитети со зелениот појас кои го опфаќаат:
    Потег: Новаци, Рибарци, Гнеотино, Брод, Добровени, Скочивир, Живојно, Гермијан и Бач
    Потег: Новаци, Добромири, Горно Агларци, Долно Агларци и Далбеговци
  - течение и зелен појас на Река Црна со теченијата на помалите притоки:
    Јелешка река;

Река Коњарка;
Река Белица;
Градишка река
- Канални системи со поширокиот зелен појас кој го опфаќаат:
Старото корито на Река Црна;
10-ти канал;
Канал Гнеотино-Агларци;
Добрушевски канал и
Канал Суводолка.
- стоечки води на вештачкото езеро за потребите на РЕК Битола;

Во секој поединечен сектор се изврши идентификација и тоа на:
- ***жаришта***: места за размножување на комарците;
- ***локалитети***: места на кои комарците летаат во потрага по храна;
- ***бариер-зони***: заштитни области околу жариштата и населените места.

- **Планирање на третманот:**
Имајки ја во предвид територијалната и рељефна поставеност и карактеристиките на теренот (вегетација, урбани населби, водотоци и сл), предвидено е изведување на теристичко третирање на теренот во смисол на:
А/ Ларвициден третман и
Б/ Адултициден третман

- **Планирање на распоред и динамика на третман:**
  - ***распоред на третирања***: се прикажува на картата на програмот, а за поединечни сектори на оперативните карти со точно дефинирани фази на напад и фази на одржување. Во распоредот за третирање се одредува и точното време на третирањето и тоа во време кога комарците се најактивни.
  - ***Динамика на третманот:***. На територијата на Општина Новаци, некогашно ендемско подрачје за развој на маларијата, каде постојат услови за развој и одржување на популацијата на комарецот планирано е изведување на ***три третмани за контрола на комарците во месеците Јуни - Јули - Август***, со интервали помеѓу третирањата од 25-30 дена.
  - Точниот број на третманите го предвидовме врз основа на утврдената состојба и редовното пратење на бројноста на комарците и климатско-метеоролошките услови во изминатава сезона.

- **Плана за работа на екипите за изведување на третманот;**
Список и распоредот на екипите го утврдува изведувачот.
- **Известување:**
- презентација за медиумите и Локалната самоуправа од страна на стручниот тим на ЦЈЗ-Битола кој ќе ја спроведува дезинсекцијата, на која ке бидат запознати со начинот, постапката и апаратурата за изведување на акцијата:
- Пред секој третман ќе се изврши известување, информирање на јавноста по писмен пат, преку електронските медиуми или во директен контакт со следниве надлежни органи: полиција, противпожарна служба, здравствен центар, здружение на пчелари и итн, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот, начинот на изведување на третманот.

- **Анкетирање и известување на граѓаните:**
  - Известување и информирање на граѓаните преку локалните средства за информирање.
  - Анкетирање на дел од граѓаните во врска со резултатите од акцијата

3. Мониторинг за изведување на Програмата:

- **Пратење на однесувањето на комарците;**
- **Пратење на бројноста на комарците;**
- **Пратење на промената на локациите;**
- **Пратење на микро-метеоролошките услови:**
  - температура и влажност;
  - брзина и правец на ветарот;
  - стабилност на воздухот;
  - карактер на топлотната инверзија.
- **Надзор и контрола на изведувањето:**
  Го вршат претставници на нарачателот на услугите и стручен тим на изведувачот.

4. Утврдување на постапките за изведување:

- **Избор на инсектицид:**
  А/ **Ларвициден третман**: Ларвициден препарат со адекватна активна супстанца, уредно регистриран за употреба.

  Б/ **Адултициден третман**: Инсектицид со адекватна активна супстанца, уредно регистриран за уптреба во нашава држава;

- **Избор на начинот на третирањето:**
  - ***Ларвицидно*** мануелно или машинско третирање на жариштата;
  - ***Адултицидно просторно теристичко распрскување, со УЛВ-ладно замаглување со апаратура за таа намена поставена на пикап возила и уреди за рачно распрскување од земја во тешко пристапни регии***. Врз основа на утврдената состојба на територијата на Општина Новаци планирани се следниве начини на изведување:

  А. **Просторно теристичко распрскување на жариштата:** сите активни и потенцијални жаришта, односно стални и повремени:
  Ларвицидно мануелно третирање: 2НА
  УЛВ и ладно замаглување.
  Површина за третирање: 100 НА

  В. Просторно теристичко распрскување на локалитетите со густа вегетација, локалитети во урбани средини, густо населени подрачја и локалитети со зголемен број на луѓе и животни.
  Површина за третирање 50 НА
  УЛВ- третман и термално замаглување.

  С. Просторно теристичко распрскување на ″бариер зоните″ околу населените места:
  Површина за третирање: 50 НА
  УЛВ- третман и термално замаглување.

- **Вкупна површина предвидена за третирање:**

Ларвициден третман: 2 НА;(едно третирање)
Адултициден теристички третман: 600 НА (три третирања 3x200НА).

- **Оценка на квалитетот на просторното распрскување:**
  Ќе се врши мерење на следниве параметрите во текот на непосредното изведување:
  - ***Микро-метеоролошки услови:***
    -температура;
    -брзина на ветер:
    -стабилност на воздух;
    -карактер на топлотна инверзија.
  - ***Изведувачки норми и неопходна стручно-техничка подршка:***
    - Овластени професионални екипи составена од медицински техничари под надзор и контрола на доктор специјали Епидемиолог, со сертификати и предходно искуство во спроведување на вакви операции.
    - функционална состојба на уредите: најмалку два професионални УЛВ аеросолни распрскувачи за ладно третирање и рачни распрскувачи.
    - дозирање на препарат: согласно декларацијата И препораките на производителот,
    - големина и густина на капки при изведувањето: 10-20 микрони(УЛВ) ;
    - маршрута: предходно утврдена спрема мапата и локалитетите.
    - брзина на движење при апликација: 10 до 20 км/час.

5. Успешност на Програмот:

Оценката на успешноста подразбира:
- оценка на ефикасноста и
- оценка на безбедноста на третманот што е изведен.

Оценката ја даваат нарачателот на услугата и стручен тим на изведувачот.

6. Водење на документација:

Евидентирање на горенаведените активности на Програмот за сузбивање на комарците:
- Периодични, после секој изведен третман;
- Годишен извештај до Советот и Градоначалникот за спроведените активности.

Заклучок:

Согласно препораките доставени во горенаведените документи и законската регулатива од оваа област може да се констатира следното:

- **Глобалното затоплување, климатските промени** во смисол на неколку последователни благи и топли зими, **големиот дел поплавени површини во непосредна близина на градот** во изминатите години, како и појавата на вируси кои предизвикуваат **појава на тропски и сутропски заболувања** неспецифични за овие региони налагаат превземање на мерки за контрола на болести кои ги пренесуваат комарци и други вектори.
- **Навременото, рационално и континуирано** преземање на мерки за темелно следење и контрола на дистрибуцијата на векторските организми е

неопходно за заштита на здравјето на населението и спречување на болести кои се пренесуваат преку вектори;

Спроведувањето на активностите согласно утврдена динамика, во смисол на ларвицидна дезинсекција и адултицидна теристичка дезинсекција (во неколку фази) е единствено позната и научно потврдена превентивна мерка.

НАПОМЕНА: Програмата и Оперативниот (Акционен) план се изработени од стручен тим од Отсекот за ДДД при ЈЗУ Центар за јавно здравје, и се сопственост и авторско право на ЈЗУ ЦЈЗ Битола. Секое неовластено користење на делови , цитати од неовластени и други лица без согласност на Авторот ќе бидат санкционирани пред надлежните судски инстанци.

ОПЕРАТИВЕН(АКЦИОНЕН) ПЛАН И ПРОГРАМ
За спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и јавната депонија Мегленци на Општина Новаци во 2022 година.

Согласно законските одредби од Законот за заштита на население од заразни болести (член 12, 14 и 22, Сл.весник на РМ. Бр 66/04, 139/08, 99/09, 149/14 и 150/15), препораките на Комисијата за заразни болести при МЗ и чл. 26 од Законот за санитарна и здравствена инспекција (Сл. Весник на РМ бр. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11 и 53/11), **единиците на Локалната самоуправа се должни да преземаат активности за заштита на населението од заразни болести и да донесуваат годишна програма на мерки** за заштита од заразни болести, а на предлог на надлежниот Центар за јавно здравје кој ја покрива нивната територија.

Дел од општите мерка за превенција и контрола на заразните болести предвидени со законската регулатива е и **дератизацијата** како превентивна мерка за сузбивање на глодарите како вектори преносители на заразни заболувања.

Цел на превентивната систематска дератизација:

- Заштита на населението и животните од болести чии вектори се глодарите и отстранување на ризикот од појава и ширење на болести кои ги пренесуваат глодарите;
- Одржување на стабилна хигиено-епидемиолошката состојба во Општината;
- Создавање на пријатна и еколошки здрава животна средина;
- Отстранување на лоша хигиенска слика за Општината и урбаните заедници која би предизвикала колективно незадоволство кај граѓаните;
- Отстранување на економските штети кои настануваат како последица на зголемена инфестација со глодари.

Предмет на третирање на превентивната систематска дератизација:

- ***Подземниот канализациски систем со ревизионите и прифатните канализациски шахти;***

(Од утврдените состојби, услови на теренот, хигиено-епидемиолошки карактеристики за развој на биолошката популација на штетни глодари во урбани средини, ЈЗУ Центар за јавно здравје - Битола констатира дека главната причина за значителен степен на инфестираност се должи на високата густина на популацијата на овие штетници во канализациониот систем на Општината).

- ***Дератизација на прифатниот канализациски систем на објекти од посебен јавен интерес.***

(Со превентивната дератизација како општо прифатена и релевантна противепидемиска метода се држи под контрола епидемиолошката состојба во објектите од посебен јавен интерес како училишта, детски градинки, објекти на јавната администрација и индивидуални домови и сл.)

- ***Дератизација на јавната депонија "Мегленци" и дивите депонии и ѓубришта во Општината***

(Јавната депонија е нотирана како објект со висок епидемиолошки ризик, во смисол на потенционално жариште и извор на инфестација на околните општини со глодари)***.***

Обем на дератизациониот процес:

- ***Дератизација на подземниот канализациски систем во Село Новаци (90 шахти).***

- ***Дератизација на прифатниот канализационен систем на инфестирани објекти од посебен јавен интерес (25 шахти):***

  - Детски градинки:
    Центар за ран детски развој "Бамби";
  - Воспитно образовни институции:
    ЦОУ " Славко Лумбарковски"
  - Здравствени установи:
    Амбуланта во с.Новаци;
  - Останати објекти во градот од јавен интерес:
    Објект на локална самоуправа,
    Полицијска станица,
    Објект на пошта

- ***Дератизација на јавната депонија "Мегленци"***

Фронтално поставување на родентицидни мамци во неколку зони

Потребна работна снага за изведување на дератизацијата:

- Предвиден број на шахти (за две дератизации)……. **230 шахти**
- Планирани дератизациони групи:……2
- Состав на дератизациона група: - 2 дератизатори
  - 1 помошен работник
- Дневна норма за дератизациона група:……60 шахти

Временска динамика за спроведување на дератизациониот процес

1-Пролетна дератизација (прв дел од дератизационен процес-115 шахти)

- Почеток на дератизацијата: Март/Април
  (во зависност од реализацијата на тендерот);
- Времетраење на дератизациониот процес:……2 дена

2-Есенска дератизација (втор дел од дератизационен процес-115 шахти)

- Почеток на дератизацијата: Октомври/Ноември
- Времетраење на дератизациониот процес:……2 дена

Методика и техника во спроведувањето на дератизациониот процес:

- Поставување на висечки и статички парафински блокови;
- Метод на фронтално поставување;

Видови и количини на планирани родентициди(за две дератизации):

- ***1000 парафински блокови од 50 гр (***родентицид со адекватна активна супстанца регистриран на територијата на Р.Македонија)

Спроведување на санитарно-профилактички мерки:

- Информирање на граѓаните за спроведување на дератизационите активности преку јавните средства за информирање и електронските медиуми најмалку 7 дена пред одпочнувањето на акцијата.
- Информирање на надлежните служби за начинот, постапката и времетраењето на дератизационите активности:

  - информација до ЈП Нискоградба;
  - информација до Државниот санитарен и здравствен инспекторат;
  - информација до МВР Сектор за внатрешни работи;
  - информција до Општинскиот инспекторат-Општина Новаци.
  - Информација до Сектор за превентивна здравствена заштита при Министерство за здравство

Заклучок:

Согласно препораките доставени во горенаведените документи и законската регулатива од оваа област може да се констатира следното:

- Климатските промени во смисол на неколку последователни благи и топли зими, изобилството на храна, несоодветните агро-технички мерки и лошите хигиенските навики на населението за несоодветна диспозиција на отпадот, погодуваат и нудат идеални услови за развој на популацијата на глодарите во Општината и ја наметнуваат потреба од навремено и стручно спроведувањето на програмата.
- Големиот дел поплавени површини во Општината во изминатите години, само по себе претставува ризик за нарушување на хигиено-епидемиолошката состојба и можност за инфестација со глодари. Миграција на глодарите во урбаните приградски и градски средини го зголема ризикот од ширење на вектор преносливи болести.
- **Актуелизирање на Туларемијата**, инфективно заболување чиј резервар се глодарите а се пренесува на човекот по контактен, трансмисивен и алиментарен пат. Во Македонија се потврдени неколку случаи од ова заболување, а во Косово перзистира ендемски а во изминативе години и епидемиски.
- Реалната опасност од појава на ***Хеморагичната треска, предизвикана од Хантавирусот и Муриниот Тифус предизвикан од Rickettsia Mooseri,*** зоонози од кои првенствено заболуваат глодарите и како вектори ја пренесуваат заразата на човекот.

Сето ова налага потреба од континуитет во спроведувањето на превентивната систематска дератизација и итност во донесување на актите од страна на Општина Новаци за навремено спроведување на програмата, со што хигиено-епидемиолошката состојба во Општината во голема мера би се подобрила и би се држела под контрола.

НАПОМЕНА: Програмата и Оперативниот (Акционен) план се изработени од стручен тим од Отсекот за ДДД при ЈЗУ Центар за јавно здравје, и се сопственост и авторско право на ЈЗУ ЦЈЗ Битола. Секое неовластено користење на делови , цитати од неовластени и други лица без согласност на Авторот ќе бидат санкционирани пред надлежните судски инстанци.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

_____

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Заклучок за усвојување на Извештај-Преглед за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Заклучок за усвојување на Извештај-Преглед за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-376/16
21.03.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извештај-Преглед за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2021 година

I.

СЕ УСВОЈУВА Извештај-Преглед за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2021 година,бр.08-328/8 од 10.03.2022 година.

II.

Составен дел на овој Заклучок е Извештај-Преглед за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2021 година

III.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

14-340/19
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/17
21.03.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

П Р О Г Р А М А З А

И З Г Р А Д Б А И О Д Р Ж У В А Њ Е Н А

ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ

ЗА 2022 година

Н О В А Ц И **јануари 2022 година**

Врз основа на член 22 став 1. точка 4 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ, бр.5/02) член 106, став 3 од Законот за Јавни Патишта (Службен Весник на РМ , бр. 26/96) и член 21, став 1, точка 12 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен Гласник на Општина Новаци, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022год. ја донесе следната :

ПРОГРАМА

За изградба , реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2022год.

I. Со оваа Програма се утврдуваат обемот на работите и средствата за изградба , реконструкција и одржување на локалната патна мрежа (локлни патишта и улици) на подрачјето н а Општина Новаци за 2022 год.

II. Средствата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општината Новаци се утврдуваат како ;

ПРИХОДИ

1.Приходи од Јавното Претпријатие за државни патишта . . . . . .3.221.567,00 ден.

2.Приходи од Буџетот на Општина Новаци за 2022 . . . . . .6.447.825,00 ден

Вкупно за локални патишта и улици … . . . . . .9.669.392,00 ДЕН

Расходите се во висина на приходите и ќе се користат за следните намени :

1.Изградба. . . . . ,00 ден

2.Зимско одржуавање 000.000,00ден

3.Проектна документација 000.000,00ден

4.Надзор. 000.000,00ден

ВКУПНО : 9.669.392,00 ДЕНАРИ

I.ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2022 год.

1. Изградба на локална улица во с. Тепавци Б=3,00м Л=100,00м

1.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	400,00	60,00	24.000,00
1.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1300,00	104.000,00
1.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	300,00	950,00	285.000,00
1.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,00	1300,00	7.800,00
			ВКУПНО :	420.800,00
			ДДВ 18% :	75.744,00
			СЕ ВКУПНО:	**496.544,00**

2. Изградба на локална улица во манастир Св. Никола ,Суводол Б=3,00м Л=150,00м

2.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	600,00	60,00	36.000,00
2.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	120,00	1300,00	156.000,00
2.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	450,00	950,00	427.500,00
2.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	9,00	1300,00	11.700,00
			ВКУПНО :	631.200,00
			ДДВ 18% :	113.616,00
			СЕ ВКУПНО:	**744.816,00**

3. Изградба на локална улица во с. Гермијан Б=3,00м Л=100,00м

3.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	400,00	60,00	24.000,00
3.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1300,00	104.000,00
3.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	300,00	950,00	285.000,00
3.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,00	1300,00	7.800,00
			ВКУПНО :	420.800,00
			ДДВ 18% :	75.744,00
			СЕ ВКУПНО:	**496.544,00**

4. Изградба на локална улица во с. Бач Б=3,0м Л=100,00м

4.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	400,00	60,00	24.000,00
4.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1300,00	104.000,00
4.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	300,00	950,00	285.000,00
4.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,00	1300,00	7.800,00
			ВКУПНО :	420.800,00
			ДДВ 18% :	75.744,00
			СЕ ВКУПНО:	**496.544,00**

5. Изградба на локална улица во с. Новаци Б=3,0м Л=300,00м

5.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	1200,00	60,00	72.000,00
5.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=22см	/м3/	240,00	1300,00	312.000,00
5.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	900,00	950,00	855.000,00
5.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	18,00	1300,00	23.400,00
			ВКУПНО :	1.211.400,00
			ДДВ 18% :	218.052,00
			СЕ ВКУПНО:	**1.429.452,00**

6. Изградба на локална улица во с. Г. Агларци Б=3,0м Л=150,00м

6.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	600,00	60,00	36.000,00
6.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	120,00	1300,00	156.000,00
6.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	450,00	950,00	427.500,00
6.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	9,00	1300,00	11.700,00
			ВКУПНО :	631.200,00
			ДДВ 18% :	113.616,00
			СЕ ВКУПНО:	**744.816,00**

7. Изградба на локална улица во с. Гнеотино Б=3,0м Л=100,00м

7.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	400,00	60,00	24.000,00
7.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1300,00	104.000,00
7.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	300,00	950,00	285.000,00
7.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,00	1300,00	7.800,00
			ВКУПНО :	420.800,00
			ДДВ 18% :	75.744,00
			СЕ ВКУПНО:	**496.544,00**

8.Изградба на локална улица во с. Рибарци Б=3,0м Л=100,00м

8.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	400,00	60,00	24.000,00
8.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1300,00	104.000,00
8.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	300,00	950,00	285.000,00
8.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,00	1300,00	7.800,00
			ВКУПНО :	420.800,00
			ДДВ 18% :	75.744,00
			СЕ ВКУПНО:	**496.544,00**

9. Изградба на локална улица во с. Добромири Б=3,0м Л=200,00м

8.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	800,00	60,00	48.000,00
9.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	160,00	1300,00	208.000,00
9.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	600,00	950,00	570.000,00
9.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	12,00	1300,00	15.600,00
			ВКУПНО :	841.600,00
			ДДВ 18% :	75.744,00
			СЕ ВКУПНО:	**993.088,00**

10.Изградба на локална улица во с. Скочивир Б=3,0м Л=100,00м

10.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	400,00	60,00	24.000,00
10.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1300,00	104.000,00
10.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	300,00	950,00	285.000,00
10.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,00	1300,00	7.800,00
			ВКУПНО :	420.800,00
			ДДВ 18% :	75.744,00
			СЕ ВКУПНО:	**496.544,00**

11. Изградба на локална улица во с. Живојно Б=3,0м Л=100,00м

11.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	400,00	60,00	24.000,00
11.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1300,00	104.000,00
11.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	300,00	950,00	285.000,00
11.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,00	1300,00	7.800,00
			ВКУПНО :	420.800,00
			ДДВ 18% :	75.744,00
			СЕ ВКУПНО:	**496.544,00**

12. Изградба на локална улица во с. Д Агларци Б=3,0м Л=300,00м

12.1. Ископ на постоечки нарушен стар асфалт од постоечка улица (300х0,10х3,0)и одвоз на ископаниот материјал до депонија	/м3/	90,00	350,00	31.500,00
12.2.Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	1200,00	60,00	72.000,00
12.3.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=25см	/м3/	300,00	1300,00	390.000,00
12.4.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	900,00	950,00	855.000,0011.5.Изработка на банкина од дробен
Камен од 50см со д=10 см	/м3/	30,00	1300,00	39.000,00
			ВКУПНО :	1.387.500,00
			ДДВ 18% :	249.750,00
			СЕ ВКУПНО:	**1.637.250,00**

13. Изградба на локална улица во с. Далбеговци Б=3,0м Л=300,00м

13.1. Ископ на постоечки нарушен стар асфалт од постоечка улица (300х0,10х3,0)и одвоз на ископаниот материјал до депонија	/м3/	90,00	350,00	31.500,00
13.2.Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	1200,00	60,00	72.000,00
13.3.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=25см	/м3/	300,00	1300,00	390.000,00
13.4.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	900,00	950,00	855.000,00
13.5.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=10 см	/м3/	30,00	1300,00	39.000,00
			ВКУПНО :	1.387.500,00
			ДДВ 18% :	249.750,00
			СЕ ВКУПНО:	**1.637.250,00**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА 2022 год.

1. **Изградба на локална улица во с. Г.Тепавци 496.544,00**
2. **Изградба на локална улица во манастир Св. Никола Суводол 744.816,00**
3. **Изградба на локална Улица. Во с.Гермијан 496.544,00**
4. **Изградба на локална улица во с. Бач 496.544,00**
5. **Изградба на локална улица во с. Новаци. 1.429.452,00**
6. **Изградба на локална улица во с. Г.Агларци. 744.816,00**
7. **Изградба на локална улица во с. Гнеотино 496,544,00**
8. **Изградба на локална улица во с. Рибарци 496,544,00**

9. Изградба на локална улица во с. Добромири 993.088,00

10. Изградба на локална улица во с. Скочивир 496,544,00

11. Изградба на локална улица во с. Живојно 496,544,00

12. Изградба на локална улица во Д . Агларци 1.637.250,00

13. Изградба на локална улица во Далбеговци 1.637.250,00

СЕ ВКУПНО : 9.669.392,00

(девет милиони,шестотини , шеесет и девет лијади, триста и деведесет и два денари)

Член 1

Одделни позиции предвидени во ова Програма , можат да претрпат измени најмногу до 20% од планираното поради употреба на изведувањето на непходни дополнителни работи и довршување на конкретна ситуација

Член 2

Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2022 година, влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен Гласник “на Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за усвојување на Завршна сметка од ООУ "Славко Лумбарковски" – општина Новаци за 2021 година

1. Објавувам Одлука за усвојување на Завршна сметка од ООУ "Славко Лумбарковски" – општина Новаци за 2021 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/18
21.03.2022 г.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 21 и член 94 став 1 точка 37 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2022 година, донесе:

О Д Л У К А

за усвојување на Завршна Сметка за 2021 година на ООУ „Славко Лумбарковски„ Новаци

Член 1

Се **УСВОЈУВА** Завршна сметка за 2021 година на ООУ „Славко Лумбарковски„ Новаци .

Член 2

Составен дел на ова Одлука е Завршна сметка за 2021 година на ООУ „Славко Лумбарковски„ Новаци бр.05-95/5 од 22.02.2022 година (наш број 15-342/2 од 08.03.2022 година).

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

14-340/21
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02 и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за плаќање на сметки за потрошена електрична енергија на ООУ "Славко Лумбарковски" , општина Новаци.

1. Објавувам Одлука за плаќање на сметки за потрошена електрична енергија на ООУ "Славко Лумбарковски" , општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-376/19
21.03.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на РМ бр. 5/2002), член 18 став 1 точка 8 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр. 7/2019) Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 14-02-2022 година Советот на општина Новаци донесе:

О Д Л У К А

Плаќаање на сметки за потрошена електрична енергија на
ООУ „Славко Лумбарковски Новаци

Член1

Се одобрува исплата на сметки за електрична енергија на ООУ „Славко Лумбарковски„ с.Новаци за месец декември 2022 година и тоа;

-Кон снабдувачот на електрична енергија **ЕНЕРЦИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШАНС** АД Скопје фактура бр. 21-311-011365 во вкупен износ од 33.810,24 мкд и

- Кон **ЕВН Македонија** ф-ра бр.1400044512-0 во износ од 2.802,00 мкд

-Кон **ЕВН Груп** ф-ра 1500514484-3 износ 964,00 мкд; ф-ра 1500520787-0 износ 983,00 мкд; ф-ра 150051626-5 износ 590,00 мкд; ф-ра 1500514688-8 износ 2.665,00 мкд; ф-ра 1500514484-3 износ 964,00 мкд;

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од Буџетот на општина Новаци за 2022 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на деонесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

14-340/22
14.03.2022

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

С О Д Р Ж И Н А:

1. Заклучок за објавување Завршна Сметка на буџетот на општина Новаци за 2021 година
2. Заклучок за објавување Годишен финансиски извештај на општина Новаци за 2021 година
3. Заклучок за објавување Програма за јавни дејности - Образование за 2022 година
4. Заклучок за објавување на Одлука за пренамена на средства во Буџетот на општина Новаци за 2022 година
5. Заклучок за објавување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за 2022 година
6. Заклучок за објавување на Одлука за согласност на доставен извештај (финансиски и оперативен) за искористени средства за проект Културно-забавно Лето Новаци 2021 од страна на Здружение за мода ПИКСИ студио-Новаци за 2021 година
7. Заклучок за објавување Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица за 2022 година
8. Заклучок за објавување Одлука за сопствено учество во минимален износ од 1000 евра за изградба на теретана на отворено за 2022 година
9. Заклучок за објавување Решение за разрешување на член и именување на член на Управен одбор на ООУ Славко Лумбарковски - Новаци за 2022 година
10. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежни материјали за црква Богородица во село Старавина за 2022 година
11. Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Завршна сметка (самофинансирачка и наменска) на ЈОУДГ "БАМБИ " Општина Новаци за 2021 година
12. Заклучок за објавување Одлука за давање согласност за работа на воспитни групи со поголем односно помал број на деца во ЈОУГД "БАМБИ" -Општина Новаци за 2022 година
13. Заклучок за објавување Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУГД "БАМБИ" - Општина Новаци за 2022 година
14. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на КУД Новаци од с.Новаци за 2022 година
15. Заклучок за објавување Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на општина Новаци за 2022 година
16. Заклучок за објавување Заклучок за усвојување на Извештај - Преглед за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2022 година
17. Заклучок за објавување Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2022 година
18. Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Завршна сметка од ООУ "Славко Лумбарковски" -општина Новаци за 2021 година
19. Заклучок за објавување Одлука за плаќање на сметки за потрошена електрична енергија на ООУ "Славко Лумбарковски" , општина Новаци.

Издавач : Совет на општина Новаци:
Печати : Совет на општина Новаци
Тираж : 20 примероци

Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка